Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел од дневните настани 28.06.2022

Денеска (28.06.2022) во периодот од 06.00 до 09.00 часот, полициски службеници од СВР Штип, Единицата за брзо распоредување при Одделот за специјални полициски операции, Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал и Одделот за криминалистичка полиција – Сектор за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи во содејство со Затворската полиција, извршија претреси во Казнено-поправниот дом Штип, со цел пронаоѓање недозволиви или забранети предмети кај лица осуденици кои се на издржување казна затвор. По добиена судска наредба од Основен суд Штип извршени се претреси во 11 келии во различни одделенија во КПД Штип кај 39 осудени лица кои се на издржување казна затвор. При претресите се пронајдени и одземени: грутчеста материја, предмети со остатоци од прашкаста материја, мобилни телефони, поголема сума на парични средства од законски дозволените кои осудените лица можат да ги поседуваат, ножеви и повеќе други остри предмети, метални шипки и други тврди предмети. Дел од пронајдените предмети се одземени за понатамошна постапка од страна на СВР Штип, додека останатите предмети се предадени на затворска служба за понатамошна постапка.

На 27.06.2022 околу 14.00 часот во тетовско Јажинце, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Рогачево го привеле 43-годишниот Б.Б. од ова село. Тој бил баран со потерница за доиздржување на затворска казна од две години и еден месец во Казнено-поправната установа Затвор Идризово. Подоцна, тој бил спроведен во казнено-поправната установа за доиздржување на казната.

На 27.06.2022 околу 14.30 часот на улица „Иљо Антевски-Смок" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар, со судска наредба, го привеле 33-годишниот гостиварец И.Д. за издржување на затворска казна во Казнено-поправната установа Затвор Тетово. Подоцна, тој бил спроведен во установата за издржување на казната.

На 27.06.2022 во рамки на засилената акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, санкционирани се 349 возачи. Од нив 19 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а две возила се движеле со брзина над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 167 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 182 надвор од населено место.

На 27.06.2022 околу 07.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од сервисна улица која ги поврзува бул.„Никола Карев" со бул.„Александар Македонски" се случила сообраќајна несреќа помеѓу товарно возило „мерцедес", управувано од Ф.Ф.(48) од с.Љубин, скопско и мотоцикл, управуван од Ф.Б.(21) од Скопје, двете со скопски регистарски ознаки. По несреќата, Ф.Б. бил пренесен во Градската општа болница „8 Септември", каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 27.06.2022, во рамки на засилените акциски контроли во областа на сообраќајот, на територијата на град Скопје изречени се вкупно 176 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 52 санкции, 11 мерки за возење без возачка дозвола, 15 санкции за прекршоци што ги прават пешаците. Изречени се шест мерки за користење мобилен телефон, осум мерки за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл, шест санкции за технички неисправни и нерегистрирани возила, осум мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

На 27.06.2022 во 10.25 часот во СВР Штип било пријавено дека на ул.„Гоце Делчев" се случила сообраќајна несреќа помеѓу мопед „априлија", со штипски регистарски ознаки, управуван од 16-годишник од Штип и мопед „бостон еј т", управуван од Ш.З.(37) од Штип. Во несреќата Ш.З. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничка болница-Штип. Увид извршила екипа од СВР Штип.

На 27.06.2022 во 17.00 часот во Полициската станица Делчево било пријавено дека на бул.„Македонија", патничко возило „рено меган", сопственост на МВР, управувано од полициски службеник, при обид да избегне судир со друго возило, изгубило контрола и удрило во ограда помеѓу коловозните ленти. Во несреќата, со тешки телесни повреди се здобил возачот, а сопатникот, исто така, вработен во МВР, се здобил со телесни повреди, констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза". Увид извршиле Јавен обвинител, увидна екипа од ОВР Берово и полициски службеници од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди.

Денеска (28.06.2022) во 12.45 часот на ул.„Дижонска" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги и Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.И.(39) од Скопје. Тој бил баран по Централна потерница од Казнено-поправната установа Затвор Идризово за доиздржување казна затвор од три години и осум месеци за сторено кривично дело по член 418 од Кривичниот законик, за кое бил осуден на казна затвор од пет години и 10 месеци. Лицето ќе биде предадено во казнено-поправната установа за доиздржување на казната.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против А.В.(33) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". Во текот на февруари 2022 година, пријавениот, користејќи група на социјалната мрежа Фејсбук, измамил 60-годишна жена од Скопје дека е адвокат, при што за наводна правна услуга против нејзиниот поранешен работодавач, во три наврати ја навел да му исплати 28.500 денари.

На 27.06.2022 во 23.20 часот во Полициската станица Гази Баба, 68-годишен жител на скопско село пријавил дека во 02.00 часот во близина на трговски центар на подрачјето на Гази Баба, по претходно нарушени семејни односи, физички бил нападнат од неговиот син А.А.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Е.Д.(38) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување исправа" и „употреба на исправа со невистинита содржина". На 01.10.2021, пријавениот поднел барање за регистрација на увезено возило „порше кајен", на кое со механички доработки и стружење бил променет идентификациски број. По дополнителни проверки дело утврдено дека возилото е предмет на меѓународна потрага, распишана од Германија.

На 27.06.2022 околу 20.15 часот во СВР Скопје, И.Б.(30) од Скопје пријавила дека во дворот од на нејзината куќа на ул.„Македонско-косовска бригада" соседот И.Л. и се заканувал и се обидел да ја нападне со метален предмет неа и нејзините малолетни деца, но не успеал. Се преземаат мерки за расчистување и документирање на случајот, по што ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 27.06.2022 во 06.35 часот на улица „Генерал Михајло Апостолски" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода М.Ј.(54) од Скопје, затоа што се однесувал агресивно кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија и им се заканувал со пиштол. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 27.06.2022 во 18.20 часот во Полициската станица Радовиш, С.С.(38) од Радовиш пријавил дека околу 17.40 часот во казино во Радовиш бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу него и З.С. од Радовиш. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.06.2022 околу 12.00 часот во Полициската станица Струмица било пријавено дека на место викано „Висови" во атар на с.Дабиле, струмичко, настанал пожар на дива депонија од кој била зафатена и нива со пченица. Пожарот бил изгаснат од екипа на територијалната противпожарна единица Струмица, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против А.К.К.(45) од Норвешка, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 16.06.2022 во парк-шумата Гази Баба во Скопје, полициски службеници кај пријавената пронашле и одзеле марихуана и хашиш смола.

На 27.06.2022 во Полициското одделение Петровец, Г.Д.(39) од с.Дељадровци, скопско, пријавил дека околу 23.50 часот во с.Дељадровци, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од А.С.(33) од с.Марино, скопско. Во врска со случајот, на 28.06.2022 во 02.00 часот А.С. пријавил дека на 27.06.2022 околу 23.55 часот бил физички нападнат од М.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Ј.Д. (28) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 31.01.2022, полициски службеници извршиле преглед на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 28.06.2022 околу 09.30 часот во Полициската станица Драчево, М.И.(47) од Скопје пријавил дека околу 08.00 часот во с.Морани, скопско, по претходно недоразбирање бил физички нападнат од Н.С., С.С. и уште две лица, кои му го оштетиле и неговото патничко моторно возило „митсубиши" со скопски регистарски ознаки. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против С.Б.(32) од село Брест, општина Чучер Сандево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување на лиценца". На 11.08.2021 во село Матејче, општина Липково, при контрола на товарно возило, кое било натоварено со огревно дрво, било констатирано дека пријавениот вршел јавен превоз без да поседува соодветна лиценца.

На 27.06.2022 во 23.50 часот во Полициската станица Кисела Вода, А.А.(44) од Скопје пријавил дека во 15.30 часот на работно место на објект во изградба на подрачјето на Кисела Вода, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од неговите колеги В.П.(37) и Р.П.(27), двајцата од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.06.2022 во 22.20 часот во Полициската станица Карпош, Б.А.(32) од Скопје пријавил дека околу 19.00 часот во дворот на куќа на подрачјето на Карпош неговиот малолетен син, по претходно недоразбирање со друг малолетник, бил физички нападнат од С.Л., мајка на малолетникот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.06.2022 околу 21.00 часот во СВР Скопје, Б.С.(20) од с.Грчец, скопско, пријавил дека во с.Сарај, тој и А.Б., имале вербална расправија со Р.Х. и Ј.Р., по што Р.Х. со остар предмет му нанел повреда на раката. Се преземаат мерки за расчистување и документирање на случајот, по што ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.06.2022 околу 01.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на улица „Крсте Асенов" настанал пожар во патничко возило „фолксваген", со скопски регистарски ознаки, сопственост на И.М.(55) од Скопје. Пожарот бил изгаснат од сопственикот и неговите соседи. Повредени лица нема, а увид извршила екипа од СВР Скопје.

На 28.06.2022 во 02.48 часот во СВР Скопје, од Градска општа болница „8 Септември" било пријавено дека кај нив на лекарски преглед се јавиле И.Е.(22) и А.Е.(18) од с.Арачиново, скопско и А.А.(20) од Скопје. Според пријавеното, на 26.02.2022 околу 22.00 часот во с.Арачиново, по претходна вербална расправија и нарушени семејни односи со И.Е., неговиот роднина Р.Е. со огнено оружје испукал кон патничко возило „мерцедес", со скопски регистарски ознаки, во кое биле И.Е., А.Е. и А.А., но, според пријавеното, никој не бил повреден од пукањето. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Охрид до надлежното Јавно обвинителство, поднесе известување против 17-годишник од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". Тој, на 13.05.2022 на плоштад „Крушевска Република" во Охрид физички нападнал малолетник, нанесувајќи му тешки телесни повреди.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет